РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1742/1

12-06-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 19-та седница одржана на 02.06.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под бр. 12-3244/1 од 30.12.2024 година, против лицето ----, член на Училишен одбор во СОУ "----" – ----, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК оцени дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со бр. 12-3244/1 од 30.12.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 30.12.2024 година, поднесена е пријава против лицето ----, член на Училишен одбор во СОУ "----" – ----.
Во пријавата подносителот наведува дека постоело сомнително доделување на тендери од страна на директорката на средното училиште ---- на компанијата ---- од ----, којашто била регистрирана на име на лицето ----, инаку сопруг на ----. Подносителот на пријавата исто така се сомневал дека лицето ---- како член на Училишен одбор на СОУ "----" – ---- вршела влијание врз донесувањето на одлуки за јавни набавки.

ДКСК изврши анализа на материјалниот закон кој ја уредува работата на училишните одбори на општинските средни училишта, односно средните

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

училиште на Градот Скопје, конкретно член 89-а став 1 од *Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/2020 и 78/2025).* Согласно горенаведениот пропис училишниот одбор ги има следните надлежности: *донесува статут; предлага годишна програма за работа и извештај за работа до советот на општината; предлага годишен финансиски план до основачот; предлага завршна сметка до основачот; објавува јавен оглас за именување на директор; врши интервју со кандидатите за директор; од пријавените кандидати на објавениот јавен оглас за именување на директор, му предлага на градоначалникот на општината еден кандидат; поднесува предлог до директорот за престанок на работниот однос на лицата од членот 70 ставови 1 и 2 на овој закон; одлучува по приговорите и жалбите на вработените во училиштето; одлучува по жалбите на ученици, родители, односно старатели на ученици и разгледува и други прашања утврдени со статутот на општинското училиште.*

ДКСК констатира дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување. Ова од причина што видно од пропишаното во член 89-а став 1 од Законот за средното образование, член на училишен одбор во општинско средно училиште, во конкретниот случај лицето ----, немало законска можност да донесува одлуки за јавни набавки.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р. Билјана Каракашова Шулев**

Изработил: М-р В.З. Виш соработник
Контролирал: М-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: М-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: М-р С.Д. Член на ДКСК